**Влада на Република Северна Македонија**

11. 12. 2020
12 723/1

Бр. 44-11303/1
Скопје, 7 декември 2020 година

**ДО КАБИНЕТОТ НА ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗАДОЛЖЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ, ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**<u>СКОПЈЕ</u>**

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година**

**„ТОЧКА 30:** Информација за листа на документи и информации кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници

Владата ја разгледа Информацијата за листа на документи и информации кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата, органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа, самостојните државни органи кои одговараат пред Владата, јавните претпријатија основани од страна на Владата, акционерските друштва во државна сопственост, како и другите иматели на информации кои одговараат пред Владата во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација на своите веб-страници да ги објават документите и информациите наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

2. Се препорачува на сите иматели на информации опфатени во заклучокот број 1 на своите веб-страници редовно да објавуваат анонимизирани барања за пристап до информации од јавен карактер, заедно со одговорите кои ги доставиле до барателот, со цел тие да можат да бидат повторно употребувани и од други физички и правни лица.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

3. Се препорачува на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, како и на имателите на информации основани од нив во рок од 30 дена на своите веб-страници да ги објават документите и информациите кои се предвидени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
   Истовремено Владата ги информира дека почетокот на реализацијата на капиталните инвестиции за нови проекти од 2021 година на централниот Буџет, како и почетокот на реализацијата на Програмата за проекти од јавен интерес пренаменети од средствата на ТАВ за изградба на карго аеродром во Штип, Програмата за локални патишта од Светска банка, Програмата за водовод и канализација од Европската инвестициона банка и Програмата за енергетска ефикасност, ќе бидат условени од почитувањето на претходно дадената препорака.

4. Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи не се обврзани да ги објавуваат податоците кои претставуваат класифициран податок согласно Законот за класифицирани информации, како и податоците за јавни набавки за кои се предвидуваат исклучоци од општиот режим на јавните набавки согласно Законот за јавни набавки.

5. Се задолжува Националниот координатор за одговорно владеење и транспарентност да го следи спроведувањето на овие заклучоци и на секои три месеци да доставува извештај за усогласеност до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите државни институции
- сите единици на локалната самоуправа


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија